Предмет: Покана за учество на обука за социјално менторство

Скопје, 17 мај 2017

Почитувани,

Институтот за економско истражување и политики „Finance Think", Скопје, во соработка со Центарот за детска и семејна заштита КМОП, Атина, го спроведува проектот „Унапредување на активното вклучување на маргинализираните лица исклучени од пазарот на труд", договор број 12-9137/1, финансиран од Европска Унија. **Краен корисник на проектот е Министерство за труд и социјална политика.**

Основна цел на проектот е **„зголемување на активацијата на лицата под ризик од социјална исклученост на пазарот на труд преку подобрување на нивните вештини, образование, квалификации и олеснување на целосната интеграција во општеството и пазарот на труд"**.

Во рамки на проектот, а за прв пат во земјава, вршиме пилотирање на Моделот на социјално менторство, предводен од 12 стручни лица вработени во Центрите за социјална работа и Центрите за вработување во 5 региони во земјава. Со цел што повеќе стручни лица да се стекнат со вештини и знаење за Моделот на социјално ментроство, ќе организираме обука за 60 стручни лица, вработени во гореспоменатите центри.

Со оглед на тоа што вашиот центар спаѓа во петте региони вклучени во овој проект, ве покануваме да номинирате **најмногу 3 лица** кои ќе присуствуваат на оваа обука како претставници на вашата институтицја.

Обуката е закажана за среда, 31 мај 2017 година, со почеток во 09:30 часот, во хотел Порта, булевар Јане Сандански 1А, 1000 Скопје. Прелиминарната агенда на обуката е во продолжение на оваа покана. Деталната агенда ќе ви ја испратиме најдоцна до 25 мај 2017 година. Патните трошоци на учесниците на обуката ќе бидат покриени од наша страна, во висина на повратен автобуски билет од местото на тргнување до Скопје.

Ве молиме, номинирајте претставници на вашата институција најдоцна до петок, 19 мај 2017 година, 16:00 часот.

За дополнителни информации, Ви стоиме на располагање.

Срдечен поздрав,

ФИНАНЦЕ ТХИНК 2016

Деспина Туманоска,

Проектен координатор

ПРЕЛИМИНАРНА АГЕНДА

*Датум: 31 мај 2017*

*Локација: Хотел Порта, булевар Јане Сандански 1А, 1000 Скопје*

09:30 – 10:00 Регистрација на учесници

10:00 – 11:30 Комуникациски вештини

11:30 – 11:45 Пауза за кафе

11:45 – 13:15 Партнерства и соработка со менторирани лица

13:15 – 14:15 Ручек

14:15 – 16:00 Социјално менторство

16:00 – 16:15 Заклучок